**Кошаркарска Федерација на Северна Македонија**

# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

## 1. ОПШТО

**КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** (во понатамошниот текст како организацијата), како спортско здружение, го применува правото на заштита на приватноста и личните податоци на своите клиенти согласно Законот за заштита на лични податоци. Организацијата ги превзема сите потребни технички и организациски мерки за спречување на неовластено користење на податоците на субјектите.

## 2. ЦЕЛ

Цел на оваа Политика за приватност е за да му се обезбедат информации на субјектот во врска со видовите на лични податоци коишто ние ги собираме или чуваме, начинот на којшто ги собираме, чуваме, користиме и објавуваме личните податоци, изборите кои што стојат на ваше располагање во врска со обработката на лични податоци се согласно Законот за заштита на личните податоци.

## 3. СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

**КФСМ**, превзема соодветно пропишани правила и прописи за заштита на личните податоци со кои располага, како и сите потребни мерки за спречување на злоупотреба или неовластен пристап до нив. Изјавуваме дека вашите лични податоци ќе ги користиме само за причината за која што сте ни ги доставиле, и за оние цели за кој има потреба организацијата.

Вработените во организацијата имаат потпишано Изјава за обезбедување тајност и заштита на личните податоци и се обврзани да ги чуваат и да се однесувааат со вашите податоци како со информации од доверлива природа.

## 4. ПРАВО НА ПРИСТАП, ИСПРАВКА И БРИШЕЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Согласно законот за заштита на лични податоци, имате право на пристап, исправка и бришење на личните податоци , при поднесено барање за таа намена.

**Доколку сакате да ги остварите горенаведените права што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци или имате дополнителни прашања поврзано со обработка на вашите лични податоци, обратете се до Офицерот за заштита на лични податоци електронски, или испратете Барање (Барањето може да го најдете на нашата веб-страна) до поштенската адреса наведена подолу:**

**КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,**
**Ул. Дебарца бр.28 Скопје**
**Тел. 3892464988 или contact@basketball.org.mk**
**За Офицерот за заштита на лични податоци**
**Тел.075/363-300**
или
**на електронската адреса на Офицерот за заштита на личните податоци:** elena.tofilovska@control.mk

## 5. АЖУРИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Оваа политика подлежи на ажурирање од страна на **КФСМ**, вклучително и за целите на усогласеност со нови закони, регулативи и практики. Сите измени на оваа политика ќе бидат јавно објавени.

***Управата на КФСМ гарантира за Заштитата на личните податоци на вработените и на субјектите до чии податоци има пристап и изјавува дека ќе се придржува до имплементираните технички и организациски мерки!***

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Управител***